


Серија 5, Број 5 јуни 2024

# ВЕСТИ ЗА БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

ЗА И ВО ВРСКА СО БАЛКАНОТ

## ВО ОВА ИЗДАНИЕ

**Вести и информации за борбата против тероризмот - 1**

**На албански државјанин ќе му се суди за финансирање тероризам - 2**

**Судот во Косово осуди на затвор француски државјанин заради подготвување терористички напади - 2**

**Во САД, руски државјанин осуден на 12 години затвор поради обид за финансирање тероризам – 2**

**Жена од Њујорк осудена на 18 години затвор поради користење криптовалути за потребите на финансирање терористички групи во Сирија – 2**

**САД изврши репатријација на 11 американски државјани од Сирија – 3**

**Извештај на Европол: Онлајн џихадистичка пропаганда – Преглед за 2022 година – 3**

**Жени џихадисти соочени со правдата: Споредба на пристапите низ Европа, Дел III - 4**

OPDAT

## Вести за борбата против тероризмот и ажурирање на информациите и поврзување на партнерите во регионот

***Министерство за правда на САД, Канцеларија за развој, помош и обука на обвинителствата во странските држави (ОПДАТ), во партнерство со Бирото за борба против тероризам при МНР на САД***

Во ова издание на нашиот билтен Ви носиме вести од неодамнешните кривични прогони и осудителни пресуди на лица осомничени за тероризам и финансирање тероризам на Балканот и во Соединетите држави (САД). Ова издание содржи и вести за неодамнешната репатријација на американски државјани од Сирија, како и за последниот извештај на Европол за регрутирањето џихадисти преку Интернет. На крајот, завршуваме со дискусија во врска со книгата на Меѓународниот центар за борба против тероризмот, за зголемениот кривичен прогон во Германија на насилните екстремистички престапнички, вратени од Сирија.

Џо Болдвин
Постојан правен советник на ОПДАТ за борба против тероризмот на Балканот
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Тирана
BaldwinJR@state.gov

Питер Јонгблед
Постојан правен советник на ОПДАТ за борба против тероризмот на Балканот
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Сараево
JongbloedPS@state.gov

Бледар Башановиќ
Правен специјалист
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Тирана
BashanoviqB@state.gov

Јасенка Феризовиќ
Правен советник
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Сараево
FerizovicJ@state.govRLA

## На албански државјанин ќе му се суди за финансирање тероризам

На 28 мај, судија на претходна постапка од Специјалниот суд за борба против корупција и организиран криминал, го потврди обвинителниот акт против обвинетиот Мухамед Манолари, осомничен за финансирање тероризам согласно Членот 230/а од албанскиот Кривичен законик. Според обвинението подигнато во месец март годинава, Манолари му испраќал пари на својот татко М.М., кој бил активен во рамки на Исламската држава на Ирак и Сирија (ИСИС) (позната и како Исламска држава или Исламска држава на Ирак и Левантот) во Сирија, знаејќи дека неговиот татко е веќе идентификуван и осомничен за поттикнување и финансирање тероризам за ИСИС. Во обвинението се наведува дека таткото на Манолари вршел промоција на терористичката идеологија на ИСИС, во едно од видеата за регрутирање на ИСИС, повикувајќи ги луѓето да се приклучат и да и помогнат на ИСИС. Манолари, наводно, користел туѓи лични податоци и лажни документи за идентификација, за да испраќа пари преку Western Union во ноември 2018 година, преку посредник со седиште во Сирија.

*Обвиненијата претставуваат само наводи и тврдења. Секој обвинет се смета за невин, додека неговата вина не биде докажана вон секаков разумен сомнеж во постапка пред надлежен суд.*

**Извор:** Специјално јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција на Албанија

## Судот во Косово осуди на затвор француски државјанин заради подготвување терористички напади

На 4 април, судечкиот совет на Специјалното одделение на Основниот суд во Приштина донесе осудителна пресуда против обвинетиот Бленд Врањоли, државјанин на Франција, обвинет за сторено кривично дело „Подготовка на терористички акти“. Судот потоа му изрекол казна од три години и шест месеци затвор. Како што Ве информиравме во едно од претходните изданија, во текот на месец февруари 2023 година, Врањоли планирал да изврши терористички дејствија на Косово, насочени против активностите на ЛГБТ заедницата или пак на некои од прекуграничните премини помеѓу Косово и Србија. Врањоли комуницирал со лица во Сирија преку апликацијата Threema и од терористите добивал упатства за правење импровизирани експлозивни направи.

Во своето детално образложение на пресудата, судот посочува дека утврдил дека Врањоли на Интернет пребарувал радикални содржини и техники, со кои би можел да се прикрие идентитетот на корисникот. Исто така, од анализата на телефонот што француските власти му го предале на Косово, судот утврдил дека Врањоли комуницирал со контактот на ИСИС наречен Ал Мухаџер, за начинот на кој може да добие детални упатства за набавка на соодветни материјали и конструкција на експлозивни направи и беспилотно летало/дрон,  кои требале да се употребат против цели како што е парадата на ЛГБТ заедницата во Приштина или пак долж границата со Србија.

**Извор:** Специјално јавно обвинителство на Косово

## Во САД, руски државјанин осуден на 12 години затвор поради обид за финансирање тероризам

На 29 април, Мурат Курашев, руски државјанин со престој во Калифорнија, беше осуден на 12 години затвор, за обид за обезбедување материјална поддршка за Хајат Тахрир ал-Шам (ХТС), странска терористичка организација која е веќе означена како таква. Во јануари оваа година, Курашев се изјасни за виновен во однос на поднесеното обвинение, во кое се товари за повеќекратно испраќање на пари во вкупен износ од приближно 13.000 американски долари, помеѓу јули 2020 и февруари 2021 година, на две лица познати како луѓе што собираат финансиски средства за организацијата ХТС. Според обвинението, во текот на комуникациите на социјалните мрежи и преку шифрирани апликации за пораки со лицето задолжено за финансирање, Курашев спомнал дека сака да се приклучи на борбата во Сирија како муџахедин и жали што во моментот може да обезбеди само финансиска поддршка. Ова јасно ја покажува свеста на Курашев во однос на насилната екстремистичка идеологија на лицето и работата што ја врши за ХТС.

Форензичката анализа на доказите запленети од Курашев, покажала дека тој ги следел онлајн активностите за собирање парични средства, вклучувајќи ги и сајтовите каде се бараат средства за купување воена опрема. Неговата онлајн активност вклучувала и гледање екстремистички содржини.

**Извор:** Руски државјанин со престој во Сакраменто, осуден на 12 години затвор за обид за давање материјална поддршка на странска терористичка организација

## Жена од Њујорк осудена на 18 години затвор поради користење криптовалути за потребите на финансирање терористички групи во Сирија

Во април 2024 година, Врховниот суд на државата Њујорк ја осуди Викторија Џејкобс, позната и како Бахром Талипов, на 18 години затвор за користење криптовалути за финансирање терористички групи во Сирија. Џејкобс, жена од Њујорк на возраст од 44 години, во февруари била  осудена по сите обвиненија, вклучувајќи го и она за обезбедување финансиска поддршка за терористички групи во Сирија, обезбедување поддршка за терористички акти и перење пари.

Доказите во текот на судењето покажале дека Џејкобс обезбедила повеќе од 6.000 долари за терористичката група за обука Малхама Тактикал, која се борела заедно со и обезбедувала специјална тактичка и воена обука за назначената терористичка организација ХТС. Таа испрала 12.000 долари за Малхама Тактикал, со тоа што добивала криптовалути и исплати преку Western Union и MoneyGram од поддржувачи ширум светот, за да потоа парите ги префрла на Bitcoin-паричници на Малхама Тактикал. Дополнително, Џејкобс купувала и парични картички на Google Play за потребите на ХТС.

Исто така, за потребите на онлајн џихадистичката група Хурас ал-Дин, Џејкобс го обезбедила сеопфатниот Прирачник за изработка на импровизирана муниција на американската армија. Таа верувала дека тие се поврзани со ХТС и Ал Каеда, а целта била да им помогне во нивните напори за правење бомби во Сирија.

Конечно, доказите покажале дека во август 2021 година, Џејкобс купила борбени воени ножеви, метални удирачи и звезди за фрлање. Околу еден месец подоцна, во еден разговор на апликацијата Телеграм, таа наводно се претставувала како „брат“, кој се наоѓа „зад непријателските линии“ и барала молитви за „храброст, сила, водство и мудрост за извршување на одредени мисии“.

**Извор:** D.A. Bragg и Victoria Jacobs осудени на 18 години затвор за употреба на криптовалути за финансирање терористички групи во Сирија; Перење пари на поддржувачите

## САД изврши репатријација на 11 американски државјани од Сирија

Во мај, Соединетите држави ја спроведоа најголемата поединечна репатријација на американски државјани од североисточна Сирија, враќајќи дома 11 лица, од кои пет малолетници. Сите вратени лица се членови на едно семејство. Ниту еден од нив не бил борец на ИСИС, а една од жените се соочува со обвиненија за обука на ИСИС во странство.
Во рамки на оваа операција за репатријација, освен 11-те американски државјани, во нивните земји биле вратени и шест канадски, четири холандски и еден фински државјанин.
Државниот секретар на Соединетите американски држави, Антони Блинкен, истакна дека десетици илјади луѓе, „од кои повеќето деца“, од повеќе од 60 земји, сè уште се наоѓаат во сириските кампови Ал-Хол и Рој и нагласи дека „единственото трајно решение за хуманитарната и безбедносната криза во камповите за раселени лица и притворските установи во североисточна Сирија, е тие лица да се вратат во нивните земји, да се рехабилитираат, реинтегрираат и каде што е соодветно, да се обезбеди кривична одговорност за евентуалните сторени дела“. Блинкен дополнително ги охрабри другите земји да ги вратат своите државјани од североисточна Сирија и потенцираше дека САД и понатаму ќе продолжат да ги поддржуваат во таквите напори.

**Извор:** САД врати 11 свои државјани од североисточна Сирија

## Извештај на Европол: Онлајн џихадистичка пропаганда – Преглед за 2022 година

Во декември 2023 година, Европол го објави својот петти годишен извештај за 2022 година, во кој се анализираат главните трендови, теми и случувања во пропагандата на Исламската држава (ИД) и Ал Каеда, како и нивните ограноци. Целта на извештајот е да ја зголеми свеста и разбирањето за начинот а кој џихадистичките организации и нивните поддржувачи ја злоупотребуваат технологијата, за да ги шират своите пораки.

Според извештајот, ИД ги користела медиумите за да се осврне на губењето на раководството и да ја пренесе пораката дека смртта на двајца калифи нема да влијае врз функционирањето на Исламската држава. ИД, исто така, ја искористи смртта на лидерите за да ги мобилизира поддржувачите и да ги инспирира да ја продолжат борбата, следејќи го примерот на нивните водачи. И покрај промените во раководството, во текот на 2022 година, наративите на ИД останаа главно непроменети. Во извештајот се посочува дека според наводите на портпаролот на ИД, приоритети за раководството на ИД е ослободувањето на затворените муслимани и членовите на ИД. За да го зајакнат моралот на поддржувачите и да ја илустрираат оперативната сила на ИД, медиумите на ИД ги истакнаа и зборуваа за бегствата од затворите во 2022 година во Сирија, Нигерија и Демократската Република Конго. Пропагандата на ИД дополнително ги истакна нејзините напори за географско проширување и консолидирање на територијалната контрола. ИД презеде одговорност за вкупно 2.058 напади во текот на 2022 година. Иако, повеќе од 60 отсто од тие напади се случиле во трите земји Нигерија, Ирак и Сирија, во извештајот се предупредува дека севкупниот висок број на напади, заедно со релативно значителните оперативни способности покажани во текот на бегството од затворот во Сирија, можат да бидат индикатор за тоа дека ИД ја враќа својата сила во регионот. Исто така, во извештајот се наведува дека фактот што Сирија добила помалку пропагандно покривање, може делумно да се должи на стратешкиот избор на ИД да го прикрие својот вистински капацитет во Левантот. Пропагандата на ИД вклучуваше повици за религиозна миграција кон Африка, нагласувајќи ги нејзините способности за управување со делови од континентот и претставувајќи ја Африка како погодна дестинација за *хиџра* (миграција). Во Авганистан, комуникациската стратегија на ИД се фокусираше врз нанесување штета на обидите на Талибанците за меѓународно признавање, преку разоткривање на неспособноста на Талибанците да обезбедат стабилност и безбедност во земјата. Во извештајот се забележува дека комуникациската стратегија на ИД му придава големо значење на преведувањето на пропагандните содржини на повеќе јазици, со цел, да се надминат јазичните пречки и да се допре до симпатизерите ширум светот. Според извештајот, во 2022 година, пораките на ИС се ширеле на различни онлајн начини, вклучително и преку употребата на апликациите како што се Телеграм и Рокетчет, а во некои случаи и преку попопуларните платформи како што се X, Фејсбук, Инстаграм и ТикТок. ИД ја користела и децентрализираната платформа за споделување видеа со отворен код Odysee, како и интерпланетарниот датотечен систем (IPFS), за складирање и споделување видеа и други медиумски содржини. Пропагандата на ИД експериментирала и со користењето на незаменливи токени (NFT) за да ја подобри својата онлајн цврстина и еластичност. Во извештајот се забележува дека „употребата на NFT и други децентрализирани технологии за ширење џихадистички содржини, наметнува нови предизвици за агенциите за спроведување на законот, во однос на отстранувањето на содржините“ и дека „исто така, веројатно тоа ќе ги попречи истражните напори насочени кон идентификација на оперативците задолжени за пропаганда и мрежните администратори на ваквите децентрализирани платформи“.

Во извештајот на Европол се посочува дека мрежата на Ал Каеда и медиумите што ја поддржуваат, успеваат да го одржат постојаниот проток на официјални пропагандни пораки. Како и ИД, Ал Каеда, исто така, доживеа загуби во рамки на раководството во 2022 година, но, тоа не резултираше со наративни промени, ниту пак влијаеше врз оперативните активности на организацијата. Со цел, да се создаде перцепција за организацијата како глобално движење, медиумскиот апарат на Ал Каеда посвети значителен простор на достигнувањата на нејзините регионални ограноци, кои беа активни во неколку земји, вклучувајќи ги Сомалија, Кенија, Етиопија, Мали, Буркина Фасо, Бенин, Того, Алжир, Јемен и Пакистан. Медиумските содржини во полза на Ал Каеда беа споделувани преку Telegram, Rocker, GNews, Chirpwire и други сајтови за споделување датотеки.

Во 2022 година, комуникациската стратегија на ХТС беше насочена кон ребрендирање на ХТС како бранител на сирискиот народ од актуелниот режим и прикажување на организацијата како „политичка алтернатива која ги отфрла врските со тероризмот“.

**Извор:** Оонлајн џихадистичка пропаганда – Преглед за 2022 година

# Жени џихадисти наспроти правдата: Споредба на пристапите низ Европа, Дел III

Во јануари 2024 година, Меѓународниот центар за борба против тероризмот (ICCT) ја објави книгата под наслов „Жените џихадисти соочени со правдата: Споредба на пристапите низ Европа“. Оваа книга ја истражува кривичната правда и другите правни одговори на женските насилни екстремистички престапници во Европа, а особено во Белгија, Франција, Германија и Холандија. Во нашите претходни два Билтени, ги резимиравме поглавјата од книгата, каде се испитуваат пристапите во однос на кривичното гонење на женските насилни екстремистички престапници во Белгија и Франција. Во ова издание, даваме резиме на поглавјето кое го истражува германското искуство во гонењето на женските насилни екстремистички престапници.

Според книгата, жените и девојчињата сочинуваат една четвртина од повеќе од 1150 лица кои отпатувале од Германија во Ирак и Сирија, воглавно за да ја поддржат таканаречената Исламска држава. Мнозинството од 129 возрасни жени кои се вратени до сега, се вратиле доброволно и тоа пред падот на таканаречениот калифат. Вкупно 27 жени биле вратени во Германија. Уште неколку жени и понатаму се наоѓаат во камповите за раселени лица или притворските одделенија во североисточна Сирија.

До денес, вкупно 35 жени, насилни екстремистички престапници биле предмет на кривично гонење во Германија, за злосторства поврзани со тероризам поврзани со Ирак или Сирија, а во тек се и кривични постапки против дополнителни 13 жени. Анализата на обвиненијата подигнати против осудените жени, насилнички екстремистички престапници, покажува дека мнозинството од нив биле кривично гонети за членство во странска терористичка организација; само 17 отсто од обвинетите, од кои некои воопшто не отпатувале во Сирија, меѓутоа давале друг вид поддршка на ИСИС, се осудени за давање поддршка на странска терористичка организација. Интересно е тоа што поголемиот дел од обвинетите жени, насилни екстремистички престапници, биле обвинети и осудени за некоја комбинација на терористички злосторства и основни меѓународни злосторства или домашни кривични дела. Во речиси половина од овие кумулативни обвиненија, обвинетите биле обвинети за некои од основните меѓународни злосторства. Обвиненијата според домашното законодавство вклучуваат и дела поврзани со нивните деца (како на пример неисполнување на нивната должност за грижа и образование за децата и киднапирање малолетници), незаконско ракување со оружје, лишување од слобода, трговија со луѓе, предизвикување телесни повреди и непријавување кривични дела. Повеќето обвинети биле осудени на крајот на водените судски постапки или малолетнички постапки. Само 4,9 отсто од обвиненијата биле разрешени по пат на склучување спогодби за признавање вина.

Просечната затворска казна изречена на осудените жени, насилнички екстремистички престапници, изнесува четири години, осум месеци и пет дена. Сепак, реалното време кое тие ќе го минат во затвор, ќе биде веројатно пократко, поради засметувањето на времето минато во притвор, евентуалните условни ослободувања и предвремените пуштања на слобода.

И покрај тоа што првиот голем бран на повратници беше забележан во 2014 и 2015 година, систематското кривично гонење на повратничките во Германија започна дури во 2018 година. Ова се должи на неколку фактори. Прво, на почетокот беа познати малку детали во однос на нивните улоги во ИСИС. Второ, кривичните дела извршени од страна на жените насилнички екстремистички престапници, се сметаа за помалку сериозни во споредба со оние извршени од мажите. Трето, властите имаа проблем во развивањето соодветна правна аргументација, во врска со прашањето дали вмешаноста на жените е еднакво на терористичко членство. На крајот, истрагите открија дека, иако Германките воопшто не учествувале во никакви насилни активности, тие сепак ја поддржувале ИСИС на различни начини. Оваа поддршка вклучувала водење домаќинства, раѓање деца, со цел, да се подигне следната генерација во согласност со идеологијата на ИСИС, ширење пропаганда, со цел, да се регрутираат други (западни) жени и олеснување на патувањата за други жени. Исто така, во својата пресуда која важи за пресвртница донесена во 2018 година, германскиот Федерален суд на правдата оцени дека активностите како што се брак со борец на ИСИС и водење домаќинство на територијата на ИСИС, претставуваат и се сметаат за членство во терористичка организација. Како резултат на овие позитивни законодавни настани, обвинителите започнаа поактивно да поведуваат предмети против повратнички, кои на ИСИС му пружале други, посуштински видови поддршка и покрај тоа што тие лично не учествувале во борбените активности.

Според книгата на ICCT, обезбедувањето докази бил клучниот предизвик во овие случаи, бидејќи собирањето материјални докази од местата на злосторствата во Ирак и Сирија било практично невозможно. При градењето на овие случаи, германските органи на прогонот и обвинителите се потпирале врз изјавите на сведоците и самите обвинети, добиените докази преку следените онлајн комуникации, докази од вешти лица и стручњаци и публикациите на ИСИС. Тие, исто така, ги користеле и наодите од таканаречената структурна истрага за злосторствата извршени од страна на ИСИС, со цел, да го објаснат подемот и падот на калифатот и структурата на ИСИС. Овие структурни истраги претставувале важна алатка за докажување на сите овие случаи. Дополнително, во голем број на овие кривични истраги и постапки, од голема важност и помош беше работата на Истражниот тим на Обединетите нации за одговорност на Даеш/ИСИЛ (УНИТАД).

**Извор:** T. Mehra и останати – Жени џихадисти соочени со правдата: Споредба на пристапите низ Европа